# О.О.У „Христијан Тодоровски Карпош"

# „Новогодишна сликовница на Vб"




2021



Новата година
сега што ни иде ,
драги мои петачиња
весела  да биде.

Големи да растете
весели и здрави,
секој  успех ваш
гордо да се слави.

Дневник полн со петки,
ви посакувам јас
враќа со подароци
да ви дари Дедо Мраз.

од наставничкатаЕли



Лара ти посакувам среќна нова
Да одиш низ Париз цел
таму да јадеш кроасан со млеко
за Дедо мраз да ти донесе
машина за перење ,,БЕКО''
од Давид





Ти посакувам здравје
килограми и тони,
вреќа полна со милионо!
Среќа да те прати секој час,
радост да е секој ден со нас!
Успех и насмевка
да ти се другари стројни,
имај Тамара исполнети желби бројни!
од Лара



Радост,здавје,среќа
и подароци полна вреќа,
ти посакувам забава луда,
да ти се случат триста чуда.
од Гордан

Вероника е другарка права.
Во шегите таа е нашиот АС.
Ти посакувам драга Вероника,
докторка да бидеш
и да не лекуваш сите нас.
од Марко 3





Никола елката со сијалички
и лампиони ја накити,
Во новата година му поскувам
со злато во фудбалот да се закити..
од Тамара



Кејти е другарка права
и посакувам да биде многу здрава!
Новата година радост да и носи,
заедно да играме дури и кога роси!
од Дариа



Нека ти е Среќна годината што доаѓа
Се што било лошо со старата нека проаѓа,
Ти посакувам љубов,радост и среќа
Како и подароци цела времe.
од Марио



Мојот другар Гордан се вика,
Од градика сме зедно
Играме,пееме,другаруваме
и слатко се смееме.
Новата година што доаѓа,
Во здравје,радост и
среќа нека  му проаѓа.
од Мила М





Лили ти посакувам
да си среќна и здрава.
Бидејќи за сите нас ти си
другарка права.
од Дима

Здраво Горазд  во новата година
Ти посакувам  многу среќа  и радост
Што блика како новогодисна слика.
И поклонот што те вика.
од Марко П



Дарко е мое другарче од јасли
заедно  во школо се смееме
со нашето другарство се гордееме.
Имај Среќна Нова Година!!!
Секоја твоја желба
да биде исполнета со веслба.
од Кејти



Од далеку иде,со санката ита,
Новата Година да ни ја честита.
Најсаканиот е дедо во целиот свет,
подароци да ти донесе од се по ред.
од Ѓорѓи



Здравје, среќа
Радост и љубов
Мир и слога
Нека ти донесе Годината Нова.
од Вероника



Ѓорѓи е наш другар прав,
Храбар силен и многу здрав.
Тој многу сака петки да реди
А јас од срце му посакувам
Успехот цел живот да со следи.
од Стефан



Дима е другарка добра,вредна
Посветена и многу мила,
Во Новата Година Дедо Мраз
Да и донесе многу пари
За да си купи убава и голема вила.
од Никола



Многу среќа и радост
Во животот да ти блика,
Во душата здравје да ти царува
Убавини да имаш како новогодишна слика.
од Лили




Марко на тебе ти посакувам
Дедо Мраза да ти донесе
вреќа подароци и светски слави,
а ние за секогаш да останеме
најдобри другари,другари прави.
од Дарко



Ти посакувам многу здравје и среќа,
убави моменти една полна вреќа.
Новата година да ти
биде полна со смеа
и само радост да имаш во неа.
од Горазд



Ти поскувам Среќна Нова,
Успех и многу среќа
Да ти се исполнат сите желби
и подароци полна вреќа.
од Јане





